ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 22-224/8

Дата: 01.10.2013

ДО

# УНИВЕРЗИТЕТ ”СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” - СКОПЈЕ
# ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Универзитет ”Св. Кирил и Методиј” - Земјоделски институт, Скопје (во понатамошниот текст Институтот) на сметката на буџет од самофинансирачки активности (788) за 2012 година.

За годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година, додека за резултатот од финансиските активности, ревизијата изрази позитивно мислење.

За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Утврдени се неправилности во постапката при склучување на Договор за издавање недвижен имот на Универзитетот ”Св. Кирил и Методиј”- Земјоделски институт под закуп како и на Анекс договорот.
За земјоделското земјиште кое го користи Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ Земјоделски институт не е склучен Договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост.
Утврдивме дека нереално се прикажани позициите во Билансот на состојба, не е воспоставена целосна евиденција на недвижните ствари кои ги користи Институтот, како и не извршен целосен попис на материјални средства.

Ревизијата укажа на потребата да се преиспита валидноста на Анекс договорот за издавање под закуп на недвижен имот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ што го користи Институтот.
Да се интезивираат активностите во врска со доставување на документација до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство потребни за регулирање на правото на користење под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост.
Укажуваме на потреба за воспоставување на внатрешна евиденција на недвижните ствари, целосно и правилно евидентирање на материјални средства на соодветните позиции во Билансот на состојба, како и да се спроведе целосен попис заради усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 до 15 заедно со ревизија на усогласеност на Земјоделски институт - Скопје на сметката на буџет од самофинансирачки активности за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и Преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Земјоделски институт - Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- проф д-р Климе Белески – директор од 18.10.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Поради изнесеното во делот „Цели и делокруг на ревизијата" ние не бевме во можност да добиеме соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за

изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на Институтот, на ден 31 декември 2012 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Институтот нереално ги прикажал позициите во Билансот на состојба, поради не воспоставена целосна евиденција на недвижните ствари кои ги користи и не извршен целосен попис на материјалните средства и ситен инвентар. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на Институтот, на ден 31 декември 2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.05.2013 година до 26.07.2013 година.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 26.07.2013 година.

Нацрт извештај беше доставен до раководството на субјектот на ден 21.08.2013 година. Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизијата го утврди следното:

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

**3.1.1.** Во мај 2010 година, Институтот склучил Договор за издавање под закуп на земјоделска аптека и магацински простор со правно лице, без овластување од ректорот, што не е во согласност со член 3 од Правилникот за постапката за издавање под закуп на недвижен имот на УКИМ.

Пред истекот на важноста на Договорот, во септември 2012 година склучен е Анекс на договорот за продолжување на неговата важност до декември 2015 година иако согласно член 11 од Правилникот се предвидува период на важност од најмногу 3 години, односно до мај 2013 година. Со Анексот се променети условите за плаќање при што Институтот се откажува од своите побарувања за месечната закупнина од 01.09.2012 година во корист на ДПТУ Опитно поле Скопје, (чиј основач е Институтот од 2006, а од 2010 година УКИМ). Состојбата на обврските на ДПТУ Опитно поле Скопје кон закупецот е утврдена со Записник за сметководствено порамнување бр. 127/11-1 од 25.07.2011 помеѓу ДПТУ Опитно поле Скопје и закупецот и изнесува 881 илјади денари кои треба да се порамнат со побарувањата што Институтот ги има од закупецот почнувајки од 01.09.2013 година. Имајки предвид дека на закупецот му се пресметани три месечни кирии за 2012 година по 21 илјада денари кои се порамнети со дел од обврските на ДПТУ Опитно поле Скопје, ефектот кај Институтот е 63 илјади денари помалку остварени приходи за 2012 година.

Со овој Анекс заостанатиот долг на закупецот кон Институтот до 01.09.2012 во износ од 536 илјади денари е предвидено закупецот да го исплати на Институтот без камата на три рати, од кои две рати се уплатени во 2012 година во износ од 407 илјади денари, а третата рата во износ од 129 илјади денари да ја уплати во декември 2015 година.

**Препорака**

Одговорните лица на УКИМ и на Институтот, да ја преиспитат валидноста на Анекс договорот, имајќи го предвид Правилникот донесен од

Универзитетскиот сенат во март 2009 година, од аспект на почитување на постапката за издавање под закуп на недвижен имот на УКИМ кој го користи Институтот и негово располагање со средствата од закупнините, како и одредбите од Анекс договорот во однос на измените на начинот на плаќање на закупнината.

3.1.2. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ - Земјоделски институт, нема склучено Договор за закуп за користење на земјоделското земјиште во државна сопственост, согласно Законот за земјоделско земјиште од 2007 година. Овој Закон предвидува дека за потребите на јавните и државните образовни институции од областа на земјоделството, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, земјоделското земјиште во државна сопственост може да го издава под закуп со непосредна спогодба по претходна согласност од Владата на РМ, за период од најмногу 20 години без надомест за закупнина. Имајќи предвид дека УКИМ - Земјоделски институт нема поднесено барање за користење на земјоделско земјиште согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на Барањето за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост од јавните и државните образовни институции од областа на земјоделството, земјиштето е користено без правен основ. Во текот на ревизијата добивме сознанија дека УКИМ го информирал Институтот за обврската да достави Програма за научно образовни активности во областа на земјоделството потребна за доставување кон барањето за користење на земјоделско земјиште во државна сопственост, како што е предвидено со Правилникот.

**Препорака**

Одговорните лица на Институтот да ги интезивираат активностите за подготовка и навремено доставување на горенаведена програма, потребна за поднесување барање за правото на закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост од страна на УКИМ.

## 3.2 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

3.2.1. Ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на искажаните позиции во Билансот на состојба, поради следното:

- Во сметководствената евиденција на Институтот евидентирано е земјиште во вкупен износ од 319.365 илјади денари и градежни објекти во износ од 6.080 илјади денари за кои не е воспоставена внатрешна евиденција со податоци за недвижните ствари (катастарска општина, катастарска парцела, број на имотен лист, површина на земјиште и објекти, адресни податоци, основа на стекнување на право на сопственост, облигациони и стварни права за недвижната ствар и други права за недвижните ствари) кои ги користи Институтот што не е во согласност со член 87 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Од страна на пописната комисија не е извршен попис на недвижностите (земјиште и градежни објекти) кои ги користи Институтот, како и делот на недвижностите кои ги користи ДПТУ „Опитно поле„ Скопје основано во 2006 година од страна на Институтот.
- Не е извршено намалување на евидентираното земјиште за вредноста на денационализираниот недвижен имот, согласно решенија за одземање на право на користење издадени од Министерство за финансии - Управата за имотно правни работи. Институтот не располага со евиденција за вкупно издадените решенија по овој основ и за вкупната површина за која е одземено правото на користење.
- Не е извршен целосен попис на опремата и ситниот инвентар кај дел од одделенијата на Институтот поради тоа што истата не е дадена на увид на пописната комисија. Пописната комисија во Извештајот за попис констатирала кусок на опрема за која смета дека е неовластено отуѓена, во вкупен износ од 149 илјади денари. Не е утврдена одговорност на вработените, но поднесена е пријава до надлежен орган, а наведенета опрема е расходувана без предлог на пописната комисија.
- Не е извршено сметководствено евидентирање на 2.150 книги преотстапени од Министерство за образование и наука од проектот Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, од областа на правото во Франција и Германија. Во текот на месец октомври 2012 година потпишан е Записник за примопредавање без да се обезбеди податок за вредноста на книгите.
- На позицијата Аванси за материјални средства евидентирани се средства во вкупен износ од 10.040 илјади денари, кои се пренесени од минати години, а се однесуваат на вложувањата за подигнување на матични насади во претходните години. Не е извршен попис и евидентирање на насадите на позициите материјални средства, иако процесот на подигнување (вложување) на насади е завршен во 2005 година.

- При пресметката на ревалоризација не е извршено правилно преземање на искажаните основици од сметководствената евиденција на материјални средства што има за ефект помалку пресметана ревалоризација за набавната вредност на материјалните средства во износ од 52 илјади денари и повеќе пресметана ревалоризација на исправката на вредноста за вкупен износ од 236 илјади денари.
- Утврдени се разлики помеѓу состојбата на средствата и нивните извори во вкупен износ од 5.738 илјади денари поради несоодветно спроведени книжења во минати години кои не се коригирани и усогласени според буџетското начело на парично искажување.
- На позицијата Ревалоризациона резерва прикажан е износ од 6.259 илјади денари кој се пренесува од минати години и потекнува од издвоени средства како задолжителна резерва во висина од 2,5% проценти од остварената добивка до 2002 година .
- На позициите други долгорочни и здружени средства и извори на капитални средства, не се евидентирани средства, основачки влог на Институтот за формирање на ДПТУ„Опитно поле„ Скопје ( непаричен влог во вкупен износ од 5.330илјади денари и паричен влог во износ од 5000евра).
- Не е извршено намалување на вредноста на Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) за вредноста на издадениот ситен инвентар во употреба во вкупен износ од 510 илјади денари.

Наведеното не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници што има за ефект нереално прикажување на соодветните позиции во Билансот на состојба на ден 31 декември 2012 година.

**Препораки**

Одговорното лице на Институтот да преземе мерки за следните активности:

- Да се вопостави внатрешна евиденција на недвижните ствари со целосни податоци за недвижните ствари кои ги користи Институтот. Да се изврши попис на евидентираното земјиште заради утврдување на фактичката состојба.
- Врз основа на добиени решенија за одземање на право на користење на земјиште, одговорните лица да извршат намалување на вредноста на искажаното земјиште во Билансот на состојба.

- Пописната комисија да изврши целосен попис на опремата и ситен инвентар во одделенијата на Институтот и усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководствената евиденција со фактичката состојба утврдена со попис.
- Одговорните лица во соработка со МОН да превземат активности за утврдување на вредноста на преостапените книги и истите да се спроведат во сметководствената евиденција.
- Вредноста на подигнати матични насади да се евидентира на соодветни позиции од Билансот на состојба и да се изврши пресметка на амортизација и ревалоризација.
- Сметководствената служба да ги утврди констатираните разлики помеѓу средствата и нивните извори и да изврши усогласување на овие позиции.
- Да се утврдат причините за неправилното преземање на податоците и да се изврши точна пресметката на ревалоризација.
- Да се коригира искажаната состојба и спроведе соодветно книжење на позицијата ревалоризациона резерва.
- Да се изврши евидентирање на вложените средства за формирање на ДПТУ„Опитно поле„ Скопје на соодветни позиции од Билансот на состојба.
- Да се изврши намалување на вредноста на Останат капитал за вредноста на издадениот ситен инвентар во употреба.

## 3.3 Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

Со цел стекнување уверување за усогласеност на користење на средствата на Институтот за 2012 година со Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договор за јавни набавки од аспект на законските барања при што утврдивме одредени слабости во неговата примена, во следните случаи:

- Одлуките за јавна набавка не го содржат износот на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка, туку само видот на постапката, што не е во согласност со член 28 став 2 од Законот за јавни набавки.

- Полугодишната евиденцијата на постапките со Барање за прибирање понуди за договорите склучени до 30.06.2012 година во ЕСЈН е доставена со закаснување, односно на 16.01.2013 година, наместо до 31 јули 2012 година, што не е во согласност со член 103 став 2 од Законот за јавни набавки.

- За адвокатски услуги исплатени се 255 илјади денари без постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки.

Слабостите кои ги констатиравме при спроведување на постапките за јавни набавки може да имаат за ефект намалена трансапрентност, фер конкуреницијa и неекономично трошење на средства.

**Препорака**

Одговорните лица на Институтот да обезбедат примена на Законот за јавни набавки во делот на наведените состојби, односно да утврдат износ во одлуката за јавна набавка, да ги почитуваат законските рокови за доставување примерок во електронска форма од евиденцијата на постапките, и во случај на набавка на правни услуги да применат соодветна постапка.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектите од наодите изнесени во точката 3.2 а кои се однесуваат на: не воспоставена внатрешна евиденција со податоци за недвижната ствар, нереално искажување на позициите на материјални средства и извори на капитални средства, неизвршен целосен попис на состојбите на материјални средства и неправилно пресметана ревалоризација, ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба на ден 31 декември 2012 година.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2. ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје - Земјоделски институт - сметка на буџет од самофинансирачки активности на ден 31 декември 2012 година. Резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, е во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1; 3.2. и 3.3, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје - Земјоделски институт не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет

5.1 Земјоделскиот Институт е основач на Друштвото за производство, услуги и трговија во земјоделството„ Опитно поле„ Дооел Скопје, согласно Одлука на Советот на ЈНУ Земјоделски институт Скопје од 2005 година и Одлука на Министерството за образование и наука од 2006 година за формирање трговско друштво во рамките на Институтот за вршење трговска дејност во обем наменет за вршење на дејноста за која е основан Институтот. Во Централниот регистар на РМ, друштвото е запишано во ноември 2006 година со претежна дејност одгледување житни, индустриски, добиточни растенија и други посеви и производство на семе од нив.

Основната главнина изнесува 5.000 евра како паричен влог, која во исто време претставува основен влог на единствениот содружник ЈНУ Земјоделски институт Скопје. Основните средства на име основна главнина се во сопственост на единствениот содружник во износ од 36.242 евра - како непаричен влог. Покрај ова, со одлука на Институтска управа од декември 2009 година на Друштвото му се отстапени на трајно користење основни средства за работа во висина на сегашна вредност од 3.112 илјади денари.

Друштвото својата дејност ја обавува на земјиште и објекти доделени од Институтот, за која нема соодветна документација во однос на вкупната површина која ја користи, ниту е спроведен попис со цел утврдување на фактичката состојба на недвижниот имот даден на користење на друштвото.

Со оглед дека согласно Законот за високо образование од 2008 година, Земјоделскиот институт продолжува да работи како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје, согласно член 79 став 3 од Статутот на Универзитетот, основачкото право за основање трговско друштво му припаѓа на Универзитетот. Согласно законските измени, од февруари 2010 година, Друштвото продолжува да работи како посебно правно лице - трговско друштво основано од УКИМ - Скопје за потребите на Земјоделскиот институт и Факултетот за земјоделски науки и храна. За прв пат од основање

на друштвото во декември 2006 година, а по превземање на основачките права од страна на Универзитетот, Универзитетскиот сенат во мај 2010 година, формирал Надзорен одбор на Друштвото составен од 5 члена, со цел вршење надзор над работењето над друштвото. Друштвото со завршната сметка за 2012 година прикажало загуба од 14.019 илјади денари. Согласно записник на Надзорниот одбор, Универзитетскиот сенат на 27.02.2013 година, донел одлука за поднесување предлог за поведување стечајна постапка над друштвото поради презадолженост и неможност самостојно да ги подмирува стасаните обврски ниту да ги извршува предвидените активности поради блокирани сметки, која е доставена до управителот на друштвото за преземање на потребните активности до надлежните судски органи.

5.2 Обрнуваме внимание дека Институтот се јавува во својство на тужена страна по основ поднесени тужби од 4 вработени од областа на работни спорови кои се однесуваат на парично побарување на име помалку исплатени плати, минат труд и придонеси за ПИОМ за периодот од јуни 2009 година заклучно со април 2012 година, со камата и трошоци на постапката во висина определена со тужбата во вредност од 799 илјади денари.
Оваа состојба претходно ја констатирал Државниот инспекторат за труд кој по поднесена претставка од вработените во Институтот извршил инспекциски надзор при што констатирал дека Институтот не им го исплатувал надоместокот на платата за работен стаж - минат труд, иако истиот бил пресметуван и изразен во месечните пресметки за плата, што е спротивно на член 106 од Законот за работните односи. Во моментот на ревизијата, конечниот исход од истите не е познат поради што постои можност од значително финансиско оптоварување на Институтот доколку дојде до исплата на средствата по овој основ.

## 6. Прифатени и коригирани неправилности во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата извршена е корекција поради несоодветно евидентирана новонабавена опрема на пооделни позиции во Билансот на состојба, со што е зголемена вредноста на активата и пасивата за 43 илјади денари. Исправката е спроведена со налог за книжење бр.162 од 30.06.2013 година.

Скопје, 30.09. 2013 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 12.551 | 11.712 |
| Капитални приходи | - | 93 |
| Трансфери и донации | 1.723 | 646 |
| **Вкупно приходи** | **14.274** | **12.451** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 3.644 | 4.820 |
| Стоки и услуги | 7.793 | 6.468 |
| Субвенции и трансфери | 529 | 438 |
| **Вкупно тековни расходи** | **11.966** | **11.726** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 446 | 335 |
| **Вкупно капитални расходи** | **446** | **335** |
| **Вкупно расходи** | **12.412** | **12.061** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **1.862** | **390** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 1.855 | 340 |
| Побарувања | 6.438 | 8.643 |
| Побарувања од вработените | 85 | 106 |
| Побарувања од државата и други институции | 4 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 7.879 | 10.523 |
| Залихи | 18 | 68 |
| Аванси за капитални средства | 10.040 | 10.040 |
| **Вкупно тековни средства** | **26.319** | **29.720** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 319.365 | 319.365 |
| Материјални средства | 15.417 | 20.857 |
| **Вкупно постојани средства** | **334.782** | **340.222** |
| **Вкупна актива** | **361.101** | **369.942** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.038 | 3.634 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 8.102 | 8.102 |
| Краткорочни финансиски обврски | 7 | 7 |
| Обврски спрема државата и други институции | 171 | 307 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 23 | 38 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 167 | 350 |
| Пасивни временски разграничувања | 15.762 | 16.112 |
| **Вкупно тековни обврски** | **25.270** | **28.550** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 329.572 | 335.133 |
| Ревалоризациона резерва | 6.259 | 6.259 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **335.831** | **341.392** |
| **Вкупна пасива** | **361.101** | **369.942** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **334.474** | **659** | **335.133** |
| **Зголемување по основ на:** | **(3.776)** | **110** | **(3.666)** |
| Набавки | 11 | 110 | 121 |
| Сторно | (4.512) | - | |
| Ревалоризација на капитални средства | 682 | - | 682 |
| Корекции од ревизија | 43 | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.654** | **241** | **1.895** |
| Издавање материјали | | | - |
| Кусок | 28 | 241 | |
| Амортизација | 1.626 | - | 1.626 |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **329.044** | **528** | **329.572** |